РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 06.06.2023

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 18 - | 953/1 | | |

[redacted]

До: ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

(имател на информацијата)

БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од : [redacted]
тел. [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата : [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер :

**1.Фотокопија од БАРАЊЕ ЗА ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТ поднесено од ДГИТУ САС ИНВЕСТ ДООЕЛ Гевгелија [redacted] согласно чл.44 од Закон за јавните патишта, за КП.Бр.4334 КО Гевгелија улица МАРШАЛ ТИТО во дел од улицата на која се води колективната зграда со број 72.**

**2.Фотокопија од БАРАЊЕ ЗА ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТ поднесено од ДГИТУ САС ИНВЕСТ ДООЕЛ Гевгелија [redacted] согласно чл.44 од Закон за јавните патишта, за КП.Бр.4507 КО Гевгелија која е сервисна улица што ја поврзува улица МАРШАЛ ТИТО со КП.Бр.3820/1 Место Викано СМИЛЕВА КО Гевгелија.**

**3.Фотокопија од АКТ - ОДОБРУВАЊЕ ЗА ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТ издадено на ДГИТУ САС ИНВЕСТ ДООЕЛ Гевгелија [redacted] за КП.Бр.4334 и КП.Бр.4507 двете во КО Гевгелија.**

**4.Информација за висината на трошоците кои Општина Гевгелија ги наплатува од корисникот на патот согласно чл.44 ст.(6) од Закон за јавните патишта.**

**5.Фотокопија од АКТ-ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ издадено за објект на КП.бр.4522 КО Гевгелија.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ПИСМЕН ОДГОВОР

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

[redacted]

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Согласно чл. 6 ст. (4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер : *„Ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.“*

**Соодветно на тоа како имател на бараните информации, молам да ги доставите со анонимизирање на личните податоци.** [redacted]

Во [redacted] година.

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**06.06.2023 год.**
**Гевгелија**
**(ВНАТРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА)**

**До**
**Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**

Предмет: Барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно член 8, став 3, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ" бр. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребно е, во рок од пет (5) дена да ја доставите бараната информоција до службеното лице.

Во Прилог: Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Гевгелија од [redacted] поднесено на 06.06.2023 година.

Овластено лице
за постапување со информации
од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

ГЕВГЕЛИЈА

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина
Одделение за комунални работи и локални патишта
бр.11-437/2 од 12.06.2023 година
Гевгелија

До
Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво
и заштита на животната средина

ПРЕДМЕТ: Известување по барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

ВРСКА: предмет на Општина Гевгелија бр.18-953/1 од 06.06.2023 г.

Во врска со предметното барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, известуваме дека до Одделение за комунални работи и локални патишта, од ДГИТУ САС ИНВЕСТ дооел Гевгелија, досега не е поднесено барање за прекумерно користење на пат за улиците „Маршал Тито" и „Смилева".

Висината на надоместокот за прекумерно користење на пат е дефиниран со „Одлука за утврдување висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот и заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во општина Гевгелија" („Сл.гласник на општина Гевгелија" бр.7/2010 г.) и изнесува 600 денари по поминат километар на ден.

За информација во врска со издаден акт Одобрение за градење на КП бр.4522 КО Гевгелија, предметот го препраќаме на ваша надлежност и постапување.

Изработил,
Сузана Паласкарова

Раководител на сектор,
Ирена Томчева

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel/faks ++389 34 213 979, e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

Република Северна Македонија

Гевгелија

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,градежништво
и заштита на животната средина
Уп.1 број:11-310 од 22.02.2022год.

Градоначалникот на Општина Гевгелија, решавајќи по барањето на инвеститорот ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,,дооел Гевгелија, поднесено преку информацискиот систем е-одобрение за градење на ден 01.11.2021год. за издавање на одобрение за градење - надградба на индивидуален станбен објект од втора категорија, врз основа на член 59-ѕ став 1 од Законот за градење („Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/010 , 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/013, 30/016, 31/016, 39/016, 71/16, 132/16, 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ" 244/19 и 18/20) , а во врска со член 24, 87 и 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/015), го издава следното

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

На инвеститорот ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,, дооел Гевгелија , му се одобрува изградба - надградба на индивидуален станбен објект (А1) на КП бр.4522 КО Гевгелија во Гевгелија, согласно одобрен основен проект со тех.бр.75-2021/П од септември 2021год. изработен од ДППУПИ ,,Тагора,, доо Скопје.

Одобрението за градење се издава за целата градба.

Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски склучен помеѓу инвеститорот за изградба на градбата-Договор за пренесување на правото на градење заверено кај Нотар со бр.УЗП 3403/2021 од 02.11.2021год

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Согласно член 68 од Законот за градење, Инвеститорот е должен објектот да го изгради во рок не подолг од 10 години.

Согласно член 67 од Законот за градење, Инвеститорот е должен да го пријави започнувањето на изградбата до овој орган, градежната инспекција и инспекцијата на трудот.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Инвеститорот ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,,дооел Гевгелија, преку информацискиот систем е-одобрение за градење на ден 01.11.2021год. до општина Гевгелија поднесе барање за издавање одобрение за градење - надградба на постоен индивидуален станбен објект (А1) на КП бр.4522 КО Гевгелија во Гевгелија.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Потврда за заверка на идеен проект Уп.1 бр.11-232 од 09.08.2021год.;
2. Извод од катастарски план бр.1106-391/2021 од 07.07.2021год.
3. Основен проект со тех.бр.75-2021/П од септември 2021год. изработен од ДППУПИ ,,Тагора,, доо Скопје ;
4. Ревизија на основниот проект со тех. бр.Р-117/21 од 2021год. извршена од ДПИ ,,Хидро градежен инженеринг, доо Скопје;
5. Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост– имотен лист бр.101198 од 21.07.2021год. издаден од Агенција за катастар за недвижности – Одделение Гевгелија;
6. Доказ за извршена уплата на административна такса за издавање на одобрение за градење во износ од 1.550ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси;
7. Полномошно за поднесување проектна документација во име на барателот заверено на Нотар под УЗП 1460/2021 од 14.05.2021год.;
8. Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште Уп.1 бр.11-310 од 03.02.2022год. издаден од општина Гевгелија;
9. Мислење од Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија-Скопје бр.0807-2374/3 од 26.10.2021год.
10. Потврда за усогласеност со која се потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност содржани во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност издадена од ДПИ ,,Термика Ј&Д-ММ,, дооел Скопје со тех.бр.ММ-157/2021 од септември 2021год.

Согласности и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:

- Мислење од јавно претпријатие ,,Комуналец,, Гевгелија за приклучок на градбата на постојна инфраструктура (водовод и канализација) бр.08-1471/2 од 08.11.2021год.
- Мислење од ЕВН Македонија, КЕЦ Гевгелија со бр.11-1618/2 од 09.11.2021год.
- Мислење од НУ ,,Завод за заштита на спомениците на култура и музеј-Струмица бр.09-647/3 од 30.12.2021год.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

Таксата по тарифа бр.87 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси („Сл. весник на РМ" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15 и 23/16) во износ од 1.000,оо ден. е наплатена и приложена со барањето.

Изработил: Ана Чугунцалиева,

Одобрил: Ирена Томчева,

Доставено до:ДГИТУ ,,САС ИНВЕСТ,,дооел Гевгелија

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Андон Сарамандов

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
На ден 21.03.2022 год
Датум на заверка 31.03.2022 год
Потпис.

## ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
## MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 06.06.2023 година, имателот на информацијата Општина Гевгелија го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.18-953/1 од 06.06.2023 год., доставено до имателот на информации Општина Гевгелија,
Се УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] на 06.06.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.18-953/1 од 06.06.2023 год., имателот на информацијата Општина Гевгелија позитивно одговори на поднесеното барање кое се однесува на барање до општинската администрација, односно барање на информации за:

1. Фотокопија од Барање за прекумерно користење на пат поднесено од ДГИТУ [redacted]
2. Фотокопија од Барање за прекумерно користење на пат поднесено од ДГИТУ САС ИНВЕСТ ДООЕЛ [redacted]
3. Фотокопија од АКТ- Одобрување за прекумерно користење на пат издадено на ДГИТУ САС ИНВЕСТ ДООЕЛ [redacted]
4. Информација за висината на трошоците кои Општина Гевгелија ги наплатува од корисникот на патот согласно чл.44 ст.(6) од Закон за јавни патишта.
5. Фотокопија од Акт-Одобрение за градење издадено за објект на КП.бр.4522 КО Гевгелија.

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Гевгелија, 15.06.2023 година, под бр. 18-953/3

По овластување
на Градоначалник на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-953/2**
**15.06.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Гевгелија

**ВРСКА:** архивски број на примено барање 18-953/1 од 06.06.2023 год

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019), а во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог ви се доставува:

- Известување по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и Одобрение за градење, доставени од Сектор за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина, Одделение за комунални работи и локални патишта
- Решение на бараната информација

Со почит,

Изготвил:
Томе Јанкуловски,
службено лице за посредување со информации
од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
- насловот
- архива